Уметничка галерија — Куманово

# Керамика '79

15-23-мај 1979 година

*Така, денес ние можеме да видиме творби од керамика што зборуваат за континуитетот на една ликовна и творечка зрелост со форми кои овозможуваат и понатамошен развиток на обликувањето, паралелно со развитокот на керамичката индустрија.*

*Денешните настојувања на нашиот творец — керамичар одат кон облагородување на формата одстранувајЌи ги сите опасности што можат да произлезат од технолошката репродукција. Затоа формата на нашата современа керамика нуди уникатност и во тогаш кога таа се подготвува за сериско индустриско производство. Успехот на ова творештво е во тоа, што навреме ја согледа опасноста од дехуманизација на формата — креацијата, од сериското производство и упорно создава и нуди решенија што овозможува дизајн со ликовни вредности, без разлика дали се работи за уникатна или индустриска керамика.*

*Керамиката, денес кај нас, доживува подем за што сведочи и постоењето на Ресенската керамичка колонија, која што од година во година прераснува во место од кое се шират творечките импулси на керамичарите — творци. И така керамичарот — творец, користејчи ги современите комуникации се најде во положба да го соопшти своето создавање и надвор од ова поднебје, што пак од друга страна, создаде можност за осознавање на творефките импулси на другите народи. И сега не е само технологијата таа што се наложи врз нивното творештво, туку и сите оние творечки постоења на другите народи кои што навлегуваат во животот на современиот човек — творец.*

**арх. Драган БОШНАКОСКИ**

## АВРАМЧЕВ ВЛАДО

Роден 1939 год. во Стојаково — Ѓевѓелија. Живее и работи во Скопје ул. 672 бр. 6/I. Завршил Академија за применета уметност во Београд.

Излага на изложбите на Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија и Сојузот.

— Самостојно излагал: во Скопје 1975
— Групно излагал: на сите изложби што ги организирало ДЛУПУМ од 1969 год.
— Учесник е повеќе пати во работата на Ресенската керамичка колонија.
— Учесник во работата на меѓународниот симпозијум „Свет керамика" во Аранѓеловац 1978 год.
— Излагал на II и III Триенале на Југословенска керамика во Суботица и Београд 1974 и 1977 год.
— Мајски салон Београд 1977 и 1978 год.
— Аранѓеловац 1978.
— I Триенале на уникатно творештво во Сарајево 1978 и Скопје 1979 год.
— Студентски центар Београд 1979 год.
— Во склоп на Ресенската керамичка колонија има излагано во: Ресен, Битола, Охрид, Струга, Скопје, Приштина, Београд, Суботица, Темерин и др. места.
— Работите му се наваѓат во Републичката колекција, Музеј за современа уметност — Скопје.
— НАГРАДИ: добитник е на откупна награда на III триенале на Југословенска керамика во Београд и Суботица.
— Годишна награда на ДЛУПУМ „Бигорски следбеници" 78.
— И повеќе први награди од областа на графичкиот дизајн.

1 — чинија Е XXII
2 — чинија Е XXIII
3 — чинија Е XXIV
4 — сликани плочи
5 — керамо пластика XXXV
6 — керамо пластика XXXVI

## ЛАЗАРОВ МИХАИЛО

Роден 1932 година во Скопје. Основно образование и училиште за применета уметност завршил во Скопје. Дипломирал на отсекот Керамика на Академијата за применета уметност во Белград 1959 година. Излага на изложбите на Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија и Сојузот.

— I Триенале на уникатно творештво во Сараево 1978

— Мајски салон Белград 1979 год.

— Современа македонска керамика 1978 год. — Скопје.

Во склопот на Ресенската колонија излагал на II и III триенале на Југословенска керамика во Суботица и Белград 1974 и 1978 год. Ресен, Битола, Охрид, Струга, Скопје, Приштина, Суботица, Темерин, Аранѓеловац и други места.

Повеќе години е учесник на Ресенската колонија.

1962 год. излагал во Прага (ЧСР)

1965 год. Дижон (Франција)

1967 год. Истанбул (Турција)

Добитник е на Диплома за излагање на изложбата во Прага 1962 год.

Годишна награда на ДЛУПУМ 1976 год.

Работите му се наоѓаат во Републичката колекција, Музеј на современа уметност во Скопје во јавни објекти — Стопанска банка и приватни збирки.

Адреса: ул. Полог 31 нас. Пржино — Скопје.

7 — дел од морското дно

8 — морски цвет

9 — керамо пластика I

10 — керамо пластика II

11 — кирамо пластика III

**МИШЕВСКИ Б. ДУШКО**

Роден 1948 год. во Куманово.

Завршил училиште за применета уметност отсек: керамика и педагошка академија ликовна група во Скопје.

Член е на ДЛУПУМ. Излагал на сите колективни изложби на ДЛУПУМ на III-то Триенале на Југословенската керамика во Белград и Суботица 1977 година. На првото Сараевско триенале на уникатно обликување 1978 година. Повеќе години е учесник на Ресенската керамичка колонија.

Работите му се наоѓаат во Републичката колекција на музејот за Современа уметност во Скопје.

Јавни објекти — СТОПАНСКА БАНКА — СКОПЈЕ и Приватни збирки.

Адреса: ул. Милан Мијалковиќ бр. 52 нас. Пржино — Скопје.

12 — керамопластика IV

13 — керамичка форма I

14 — керамопластика V

15 — керамичка форма II

16 — декоративна чинија

**РАДЕ ПЕРЧУКЛИЕВСКИ**

Роден 1931 година во Галичник. Дипломирал на Академијата за применета уметност во Загреб и бил на специјализација за керамика и порцелан во НР Бугарија.

Живее и работи во Скопје, бул. Партизански одреди бр. 119/II-13 тел. 250-111.

Самостојно изложувал во Скопје 1960 и 1976 година.

Како член на ДЛУПУМ од 1958 година учествувал на сите негови изложби.

Излагал на Меѓународни изложби на уметничка керамика во Гмунден 1959, Беч 1960, Прага 1962 и Остенде 1964 година.

Македонска современа уметност во Дижон — Франција 1965 година.

Југословенски изложби во иностранство, Варшава, Минск, Тбилиси, Лвов, Софија, Будимпешта, Осло и Хелсинки.

Учесник е на Ресенската керамичка колонија во 1974 и 1975 година и на нејзините изложби.

Југословенско триенале на керамика II и III Белград, Суботица во 1974 и 1977 година.

Мајски салон на Друштвото од Србија 1977 година.

Македонска современа керамика во Темерин 1977 и Скопје 1978 година.

Први Сараевски триенале на уникатно обликување 1978 година.

Награди: ДЛУПУМ за 1960 година а на Меѓународната изложба на уметничка керамика во Прага — ЧСР, во 1962 година има добиено СРЕБРЕНА медаља и диплома за учество.

Неговите експонати се наоѓаат во музејски збирки во Скопје, Загреб и Женева а кај приватни лица — збирки во Скопје и Белград а во иностранство во Конго, Англија и Канада а експонати од поголем формат — керамички рељеф во Прилеп — Дом за старци и во Скопје Стопанска банка — основна банка Скопје.

17 — керамопластика „птици"
18 — керамопластика „дракон"
19 — сликана чинија I
20 — сликана чинија II
21 — сликана чинија III
22 — сликана чинија IV

*Желбата на човекот да трага по форми што ќе ги задоволат неговите потреби за духовни доживувања, преку предметите што секојдневно ги употребува, овозможи создавање на ликовни дисциплини кои во себе ја носат и издиференцираната функција.*

*Меѓу првите сознанија на човекот за обликување на личните предмети е керамиката, која во текот на својот развиток е најприсутна и тоа без разлика на степенот на културниот и економскиот развиток на времето.*

*Како традиција керамиката на нашето подрачје претставувала една од најприсутните техники во уметничките занаети. Фантазијата во формата и бојата присутни во нашата народна керамика е одраз на поднебјето и човекот што живее на ова тло. Импулсот на творечкиот гениј што го овозможи создавањето на многу познатите керамички предмети во народното творештво кај нас, ја афирмира творечката надареност на нашиот човек. Таа овозможи создавање на нови форми кои се резултат на современото гледање, но во исто време се континуитет на традицијата која многу ни оставила и не задолжила.*

*Денес, не случајно, се јави една генерација на ликовни творци — керамичари, која се труди да ја врати во живот улогата што ја има керамичката ликовна техника низ времињата. Творечкиот импулс што ја поведе и оваа генерација, е продолжување на импулсот на народниот творец. Желбата е да ја задржи ликовното доживување на формата и колоритот користејќи ги современите технолошки норми, подчинувајќи ги на денешните потреби на човекот, а во исто време да ги задржи сите белези на еден народ и едно поднебје кое има своја физиономија.*

АВРАМЧЕВ ВЛАДИМИР
ЛАЗАРОВ МИХАИЛО
МИШЕВСКИ Б. ДУШКО
РАДЕ ПЕРЧУКЛИЕВСКИ